До:
**Општина Демир Хисар**
Ул. Битолска бр. 8
7240, Општина Демир Хисар

Службено лице, одговорно за информации од јавен карактер:

**Игор Дамјаноски**
контакт e-mail
igorzab1@yahoo.com
opstinademirhisar@yahoo.com

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

**Лице за контакт:** [redacted]

Почитувани,

[redacted].

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?
2. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
3. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за трето дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
4. Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?
5. Колку вкупно деца се згрижени во градинките разделени според возраст?
6. Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?
7. Дали одредени категории родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?
8. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинките?
9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основните училишта?
10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?

11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од 2 деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува финансиската поддршка и за кои групи на семејства?
12. Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката? Доколку да, кој е износот на финансиските субвенции?
13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финансиска поддршка е предвидена и колкав е износот?
14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на мерка е предвидена и за која возраст на детето?
15. Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**г) електронски запис**

- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**г) е-маил**

- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје 16.07. 2025 година**

Датум: 21.07.2025

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-799/1, 17.07.2025 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот, [redacted], поднесено на 16.07.2025 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со мерките и политиките за поддршка на семејствата и грижата за деца на локално ниво, се уважува.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со мерките и политиките за поддршка на семејствата и грижата за деца на локално ниво.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 16.07.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 17.07.2025 година под архивски број 18-799/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 21.07.2025 година, под бр. 18-799/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?
   - Да, висината на износот е 9.500 денари.

2. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
   - Да, висината на износот е 10.000 денари.

3. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за трето дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
   - Да, висината на износот е 10.500 денари.

4. Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?
   - Во општината има 1 (една) градинка, додека капацитетот за згрижување на деца е 155.

5. Колку вкупно деца се згрижени во градинките разделени според возраст?
   - Во градинката се згрижени вкупно 120 деца во 5 групи според возраст.

6. Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?
   - Месечниот надоместок за згрижување е 2000 денари целодневен престој и 1200 денари за полудневен престој.

7. Дали одредени категории родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?
   - Не, нема ослободени категории на родители од плаќање на месечниот надоместок.

8. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинките?
   - Општината не обезбедува хигиенски материјали за потребата на градинката.

9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основните училишта?
   - Општината не обезбедува хигиенски материјали за потребите на основните училишта.

10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?
    - Во основните училишта во општината не се задолжителни училишните униформи за учениците.

11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од 2 деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува

финансиската поддршка и за кои групи на семејства?

- Да, општината предвидува финансиска поддршка за одредение категории семејства кои се во социјален ризик според правилник за еднократна парична помош или помош во натура. Финансиската подршка изнесува 5000 денари за одредени категории (самохрани родители, социјални случаеви, деца со попреченост), а за лекување и за други категории (семејства кои се нашле во социјален ризик поради пожар итн) се предвидува повисока финансиска поддршка, за секој случај поединечно со одлука на советот на општината.

12. Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката? Доколку да, кој е износот на финансиските субвенции?
    - Не, општината не предвидува финансиски субвенции за оваа намена.

13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финансиска поддршка е предвидена и колкав е износот?
    - Да, општината предвидува финансиска поддршка за родителите на деца со попреченост како еднократна парична помош или помош во натура и износот е 5000 денари.

14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на мерка е предвидена и за која возраст на детето?
    - Не се предвидени конкретни мерки.

15. Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?
    - Не се предвидени мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси
---------------------------------------------